**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ФИБРИНОЛИЗА И ОРАЛНА ХИРУРГИЈА”**
**ОД ПРОФ. Д-Р ЦЕНА ДИМОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-193/13 од 145. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 19.8.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Јордан Јанев, редовен професор во пензија, специјалист орален хирург;
- проф. д-р Ана Миновска, редовен професор, специјалист по болести на уста, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- проф. д-р Милка Здравковска, редовен професор, специјалист епидемиолог, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за научна монографија „**ФИБРИНОЛИЗА И ОРАЛНА ХИРУРГИЈА**” од **проф. д-р Цена Димова**, наменет за студентите на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

**Ракописот со наслов „ФИБРИНОЛИЗА И ОРАЛНА ХИРУРГИЈА”** е наменет за студентите од студиската програма Дентална медицина, прв и втор интегриран циклус студии и за студентите од студиската програма Базични и клинички истражувања во денталната медицина, трет циклус студии. Исто така, овој ракопис е наменет и за студентите специјализанти кои се на специјализација од областа на оралната хирургија и максилофацијална хирургија. Имено, ракописот опфаќа дел од програмата по предметот Орална хирургија 1 со неделен фонд на часови (2+3+1) и 5 кредити, задолжителен предмет од студиската програма за Дентална медицина и е во согласност со две методски единици од наставната материја на предметот. Исто така, ракописот е во согласност со дел од предметот Орална хомеостаза, изборен предмет од втори семестар, со неделен фонд 3+2+2 и 7 кредити од студиската програма Базични и клинички истражувања во денталната медицина, трет циклус студии.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот**

Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на научна монографија, е претставен во текст од вкупно 88 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Ariel и со големина на буквите 10. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Ракописот е резултат на опсежно пребарување на обемната стручно-научна литература на домашните и светски простори.

Ракописот претставува сублимиран приказ на резултатите од истражувањето спроведено во магистерскиот труд на проф. д-р Цена Димова под наслов „Клиничка евалуација на фибринолитичката активност на крвта при оралнохируршки интервенции" јавно одбранет во 2002 година, како и од научниот проект „Фибринолитичка активност на крвта при оралнохируршки интервенции" (2000-2003), во кој проф д-р Цена Димова учествувала како млад истражувач.

Во ноември 2007 год. за првпат е објавен ракопис на научната монографија „Фибринолитичка активност на крвта и оралнохируршките интервенции" од авторот д-р Цена Димова, во кој таа се јавува и како издавач на ова издание печатено во Б5 формат и конципирано во три тематски поглавја.

**Краток опис на содржината**

Ракописот е пишуван на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата материја е конципиран во следниве делови: вовед, тематско поглавје 1, 2, 3, 4, листа на кратенки и литература. Илустриран е со 20 табели, 10 графикони и 24 слики од кои повеќето оригинални и сопствени, листа на кратенки и литература.

Во ВОВЕДОТ авторот накусо дава осврт за читателот за основните карактеристики на системот на хемостазата, како неопходен составен дел на хомеостазата. Цитирајќи го Miller (1986) ја покажува и смислата на животот, од аспект на крвта како течно ткиво, односно дека „активностите на системот на хемостазата се резултат на воспоставување рамнотежа меѓу системот на коагулација и системот на фибринолиза, а тоа доведува до одржување на хомеостатската хемостаза''. Понатаму ја потенцира функцијата на системот на фибринолиза и нејзините релации со интензивната физичка активност, стресот, венската оклузија и актот на умирање. Влијанието на хируршката интервенција врз фибринолизата, како силен стрес за организмот претставува посебен интерес на проф. д-р Цена Димова. За тоа се одговорни во последно време најчесто испитуваните параметри од системот на фибринолиза: ткивниот активатор на плазминогенот t-PA) и неговиот специфичен инхибитор (Plasminogen activator inhibitor PAI-1).

Проблемите со кои се среќаваат стоматолозите, посебно оралните хирурзи, во својата секојдневна практика, најчесто се од хеморагиска природа и потекнуваат од поместувањата во системот на хемостаза. Најверојатно ова и бил мотивот на авторот за проучување на фибринолитичката активност на крвта при оралнохируршките интервенции. Како резултат на тоа се наметнува потребата од воспоставување предоперативна и периоперативна проценка и следење на овој систем како основен елемент во безбедната оралнохируршка интервенција.

Во глава 1 насловена како „Активаторни и инхибиторни механизми на хемостазата'' нашироко се претставени механизмите на системот на хемостазата. Прво и основно место е дадено на крвните садови и нивната улога во системот на хемостазата: вазоконстрикцијата и специфичниот и незаменлив ендотел со своите многубројни функции, бариера меѓу крвта и ткивата во организмот. Ендотелот со своите многубројни рецептори за определени фактори од системот на хемостазата (коагулација и фибринолиза) ги спроведува своите активаторни и инхибиторни механизми. Тромбоцитите од своја страна имаат многу значајна функција во системот на хемостаза, воспоставувајќи ја нивната адхезија и агрегација како втор одбранбен механизам како реакција на повреда на крвен сад или постоење на инфламација, карцином и др. Примарната хемостаза, на овој начин е воспоставена со многубројни елементи од тромбоцитите, со активаторна и инхибиторна функција. Во поднасловот „Коагулација на крвта" се претставени компонентите на системот, а потоа

и механизмите на дејствување: внатрешниот и надворешниот пат на коагулацијата. Фибринолитичниот систем е, исто так,а детално претставен со своите главни компоненти, нивните функции и физиолошки механизми на активација и инхибиција. Во тој контекст значајни се надворешниот и внатрешниот пат на активација на плазминогенот и неговото конвертирање во плазмин, како краен продукт од фибринолизата. На крај од глава 1 е дадена релацијата на системот на коагулација и фибринолиза од физиолошки аспект.

Глава 2 е насловена „Системот на хемостаза и оралнохируршки процедури''. Во оваа глава се дискутира за сознанијата за хемостазата и оралнохируршките интервенции досега. Имено, повеќето литературни податоци произлегуваат од клинички искуства или експериментални трудови. Поновите литературни податоци и сознанија се во насока на преоперативно испитување на хемостатските поместувања, преоперативна подготовка и периоперативна апликација на терапија. Понатаму е даден преглед на литературните податоци за пациенти со продолжено постоперативно крвавење како резултат на дефицит на фактори (VIII, IX, XI, XII), зголемена фибринолитичка активност како резултат на зголемени вредности на активаторите, но и дефицит на PAI-1. Особен интерес авторот посветува на апликација на антифибринолитици, со цел за безбеден исход на оралнохируршката интервенција. Трансфузијата на крв веќе е одамна напуштен метод на лекување и претставува историја во овој поглед.

Во глава 3 се претставени „Лабораториските испитувања'' и добиените резултати од лабораториските испитувања на крвта пред и по оралнохируршките интервенции. Во прикажувањето на методите и резултатите, проф. д-р Цена Димова покажала вонредна умешност во едноставното објаснување на испитувањата, а резултатите прегледно се прикажани со многу табели, графикони и слики. Применетите статистички методи секако дека имаат научен придонес со ваквиот начин на претставување на резултатите. Така, докторот специјализант, студентот или кој било друг читател, стручњак или не, ќе добие јасна слика на спроведените лабораториски испитувања на крвта.

Во глава 4 се претставени „Клинички испитувања". Воодушевува идејата на авторот да ги поврзе виталните параметри за време на стресот, како психосоциобиолошки одговор на организмот на орално-хируршката интервенција, со промените на параметрите на фибринолитичкиот систем.

Во поднасловот „Болка, оралнохируршки процедури и хеморагија'' проф. д-р Цена Димова ги поврзува овие три состојби, односно ефектот од болката врз оперативната интервенција и евентуалната компликација, хеморагија и инфекција. Протолкуван е механизмот на појава на овие компликации, имено, оштетување на ендотелот на крвните садови и влијанието на хуморалните супстанци: простагландините, интерлеуикинот-1, кининот, тумор-некротичниот фактор и др. Потоа е опишано влијанието на стресот на фибринолитичкиот систем, директно (на t-PA) и индиректно (на агрегацијата на тромбоцитите). Во овој дел нашироко е даден преглед на литературни податоци за влијанието на промените на концентрацијата на t-PA и PAI-1, како основни параметри на фибринолитичкиот систем, врз оперативниот тек и евентуални постоперативни комплик ации.

Авторот укажува на врската меѓу „сувата алвеола'' и зголемената фибринолитичка активност, што на крај може да доведе до постоекстракциска или постоперативна компликација, алвеолитис. Современите сознанија за улогата на фибринолитичниот систем со својата активаторна и инхибиторна активност во системот на хемостазата се главен поттик на авторот да го локализира во усната празнина и да ја испитува врската со орално-хируршките интервенции.

На крајот од оваа глава е дадена споредба на литературни податоци за фибринолитичката активност на плунката во споредба со примени лекови (контрацептивни таблети и сл.) со сопствените резултати за тоа, како и компликациите. Уште еднаш потенцирана е улогата на специфичните параметри од системот на фибринолизата (t-PA и PAI-1) во периекстракцискиот и периоперативниот оралнохируршки период на пациентите, во контекст на можните компликации од типот на едем или хематом во постоперативниот

период, како најсензибилни маркери за виталната реакција и кон оралнохируршкиот стрес.

Литературата е обемна, содржи 131 референца, од кои 30 се најнови, за последните 5 години. Ова зборува за систематичниот приод кон оваа проблематика и за способноста на авторот за комплетно претставување на испитуваната тематика.

Кратенките се по стандардна усвоена номенклатура. Тие не се само во функција на помалку заземање на простор, туку и подобар стил на пишување и што помалку оптоварување на текстот со долги зборови.

Монографијата претставува широк преглед на системот на фибринолиза, како составен дел на системот на хемостазата. Без овој систем нема живот. Синтагма веќе чуена и често пати спомнувана, но една од ретките вистини која секојдневно се потврдува, секако ако се бара и мисли на неа. Совршенството на природата, како ретко каде се потврдува во создавањето на живото суштество наречено човек. Ни најсовршената лабораторија не може да  го создаде тоа. Системот на фибринолиза како противтежа на коагулацијата е еден од феноменалните творби на природата.

Ако оваа монографија најде место на работната маса на секој стоматолог кој се занимава со орално хируршки интервенции, со голем оптимизам можеме да донесеме заклучок дека авторот ја постигнал посакуваната желба, како награда за вложениот труд.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот за научна монографија „Фибринолиза и орална хирургија" од   проф. д-р Цена Димова опфаќа одбрани поглавја за хемостаза и орална хирургија според наставната програма и содржина на предметите и специјализација од областа на орална хирургија за студентите на прв, втор и трет циклус студии на Дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за научна монографија и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основни за остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет ракописот „Фибринолиза и орална хирургија" од проф. д-р Цена Димова да биде издаден како научна монографија за студентите на насоката Дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

Проф. д-р Јордан Јанев, с.р.
Проф. д-р Ана Миновска, с.р.
Проф. д-р Милка Здравковска, с.р.